Градоначалник на Општина Свети Николе
тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911
e-mail: info@svetinikole.gov.mk
www.svetinikole.gov.mk

13-22/03
20.09.2022

# ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани даночни обврзници,

Со најновите измени во Законот за даноците на имот (Сл.весник на РМ бр.151/21), Ве известуваме дека стапките на данок на **недвижен имот**(земјоделско земјиште или објекти) **кој не се користи од сопственикот или не се издава под закуп** подолго од шест месеци во текот на една година **се зголемуваат три пати во однос на пропишаната стапка;**

Исто така, физичките и правни лица кои нема да пријават дека користат недвижен имот кој е во нивна сопственост ќе платат данок по стапка пет пати повисока од пропишаната стапка.

Почитувани сограѓани,со цел да се избегне дополнително финасиско оптоварување на Вашите семејни буџети, потребно е задолжително да се јавите во Одделението за администрирање со даноци и комунални такси при општина Свети Николе и уредно да ја регулирате Вашата даночна пријава.

Рокот за пријавување на недвижен имот кој не се користи е заклучно со 31.01.2023 година.

Со пријавата се приложуваат докази и тоа изјава за користење на имотот заверена кај Нотар или заверен договор за плодоуживање или заверен договор за закуп.

Изјавата за користење задолжително се поднесува и покрај тоа што Вашиот имот се користи од страна на Ваши блиски роднини ( деца, родители и други лица).

Даночната пријава и изјава-образец може да се подигнат во канцеларијата за едношалтерско работење при Општина Свети Николе и се поднесуваат секој работен ден од 7.30 часот до 15.30 часот.

21.09.2022 година, Свети Николе

Изработил: Надица Тодорова
Контролирал: Светлана Михаиловска
Одобрил: Кирил Макаровски

Општина Свети Николе
Градоначалник

Дејан Владев